Врз основа на член 12 став 3 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2004), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА СТРУЧНИ НАУЧНИ УСТАНОВИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на стручни научни установи и други правни лица за утврдување на составот на органски производи.

## Член 2

Регистарот на стручни научни установи и други правни лица за утврдување на составот на органски производи (во понатамошниот текст: регистар) се води во форма на тврдо укоричена книга со димензии 430 x 300 мм со поврзани и нумерирани страници. Книгата е со бордо корици и на предната страна има натпис со букви со златна боја "Регистар на стручни научни установи и други правни лица за утврдување на составот на органски производи."

Содржината на регистарот се води на образец 1 даден во прилог, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Регистарот од член 1 на овој правилник ги содржи следните податоци:

- реден број/ страна
- назив на овластената установа или правно лице,
- ЕДБС (за правни лица),
- седиште и адреса,
- општина,
- име и презиме на управителот на правното лице,

- областа на испитување/анализа

- решение за акредитација/ договар за акредитација,

- регистерски број на овластеното правно лице,

- датум на запишување во регистарот,

- број и датум на Решението за упис во регистарот,

- број и датум на објавување на Решението за упис во регистарот во „Службен весник на Република Македонија"",

- број и датум на Решение за бришење од регистарот,

- број и датум на објавување Решението за бришење од регистарот во „Службен весник на Република Македонија",

- забелешка,

- потпис на овластено лице за водење на Регистарот.

**Член 4**

Регистарот истовремено се води и во електронска форма на македонски и англиски јазик заради потребата од меѓународна размена на податоци.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-3164/3
27 март 2007 година — Министер
Скопје — **Ацо Спасеновски**, с.р.

Република Македонија
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
С к о п ј е

# РЕГИСТАР

## НА ОВЛАСТЕНИ СТРУЧНИ НАУЧНИ УСТАНОВИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ

Образец 1

| | |
|---|---|
| СТРАНА : | |
| ПРЕНОС : | |

**РЕГИСТАР НА СТРУЧНИ НАУЧНИ УСТАНОВИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ОРГАНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ**

| | | |
|---|---|---|
| Назив на установата или правното лице | | |
| ЕДБС | | |
| Седиште и адреса | | |
| Општина | | |
| Име и презиме на управителот на установата или правното лице | | |
| Област на испитување /анализа | | |
| Решение за акредитација/ договор за акредитација | | |

| | | |
|---|---|---|
| **РЕГИСТАРСКИ БРОЈ НА ЛАБОРАТОРИЈАТА** | | |
| Датум на запишување во регистарот | | |
| Решение за упис во регистарот | Број: | Датум: |
| Објавено во "Службен весник на Република Македонија" | Број: | Датум: |
| Решение за бришење од Регистарот | Број: | Датум: |
| Објавено во "Службен весник на Република Македонија" | Број: | Датум: |
| Забелешка | | |

Овластено лице :

______________________